Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Двесте и петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 декември 2023 година

Скопје, декември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Двесте и петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 декември 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-програма за остварување на социјалната заштита за 2024 година

2. Предлог-програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2024 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година

6. Предлог-програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2024 година

7. Предлог-програма за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2024 година

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата ја донесе Програмата за остварување на социјалната заштита за 2024 година.

### Точка 2

Владата ја донесе Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2024 година.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација (*), по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.41-12774/3 од 6 декември 2023 година.

**2.** Владата го задолжи Министерството за надворешни работи Заклучокот од Двесте и дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 декември 2023 година кој гласи:

„Владата ја номинираше д-р Рената Дескоска, професор по уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан први“, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје за член од Република Северна Македонија во Европската комисија за демократија преку право, независно советодавно тело при Советот на Европа.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за надворешни работи да ја извести Комисијата за номинацијата.“

да не го спроведе/реализира поради потребата од дополнителни усогласувања и консултации по предлогот.

**Точка 5**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година (усогласена со Секеретаријатот за законодавство).

**Точка 6**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2024 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2024 година, и ја донесе

Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*
*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:30 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**